Списание на Обединетата Македонска Дијаспора

Број 11 • Зима 2012

ОМД Глас

ГЕНОВЕВА КРИСТОФ: ОСТАВАЊЕ ПЕЧАТ ВО СВЕТОТ НА МОДАТА

ЕНДРУ Д. ПЕЈКОФ, НАЗНАЧЕН МАКЕДОНСКИ ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ ВО КАЛИФОРНИЈА

ОВАА ПРАЗНИЧНА СЕЗОНА, МАКЕДОНЦИТЕ ОД ДИЈАСПОРАТА ИМ ПОМОГНАА НА СИРАЧИЊАТА

ПРЕТПРИЕМАЧОТ КРИС ПАВЛОВСКИ ОД ТОРОНТО ПОСЕГНУВА ПО ЅВЕЗДИТЕ

Europe's Best Airline
Globally Yours
TURKISH AIRLINES
FLY WITH THE BEST
The world's best players enjoy our Business Class with the comfort of 180° flatbed seats, culinary delights prepared by flying chefs,* and our signature Turkish hospitality. If you feel you deserve the best, fly aboard Europe's best airline, Turkish Airlines.
*The flying chef service is available on flights which take 8 hours or more.
facebook.com/TurkishAirlinesUSA
twitter.com/TK_US | turkishairlines.com | 1 – 800 874 8875
A STAR ALLIANCE MEMBER

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

U.S. Office:
1510 H Street, NW, Suite 900
Washington, D.C. 20005
Phone: (202) 350-9798
E-mail: info@umdiaspora.org

Australia Office:
PO Box 2153
Hawthorn, Vic. 3122
Australia
Phone: 0438 385 466
E-mail: australia@umdiaspora.org

Canada Office:
3555 St. Clair Avenue East
Toronto, ON, M1K 1L6
Canada
Phone: 1-800-UMD-9583
E-mail: canada@umdiaspora.org

Press Inquiries:
Mark Branov
Phone: (647) 741-1919
E-mail: mbranov@umdiaspora.org

Letters to the Editor:
editor@umdiaspora.org

Special Thanks to:
Ana David, Tomi Jovanovski, Klaudija Lutovska - translation
Cindy Armstrong - layout and design

Мислењата и погледите кои се објавени во списанието Глас на ОМД припаѓаат на нивните автори; организацијата го задржува правото да се огради од мислењата и погледите застапени од страна на авторите во нивните текстови.

ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ПРОЧИТАТЕ:

4 Писмо од Претседателот

5 Едиториал – Политика на споменици

6 Претприемачот Крис Павловски од Торонто посегнува по ѕвездите

8 Оваа празнична сезона, Македонците од дијаспората им помогнаа на сирачињата

9 Надминати Очекувањата на Глобалниот инвестициски самит

11 Александар Велики Македонски Лично Сосема Јасно Ги Издвоил Македонците Од Грците!

14 Добротворниот турнир во голф во централен Охајо собра над 50.000 долари во донации

16 Со свој камен по своја глава, од Просветен Рапотник

17 Васко Спасески од Австралија, Градежник од најдобар калибар

18 Геновева Кристоф, Оставање печат во светот на модата

20 Децата Бегалци, историја која плаче за да биде раскажана

26 Ендру Д. Пејкоф, назначен македонски почесен конзул во Калифорнија

27 Македонски от адвокат Томас Н. Танеф е избран за супер адвокат на Охајо и Топ 50 адвокати во Колумбос за 2013 година

27 Канаѓанецот со македонско потекло, Крис Палиаре, стана еден од 50 највлијателни луѓе во Торотнто

28 Глобалната Конференција на ОМД 2013

29 ГКОМД 2013 – Јавен повик за академски трудови

UNITED MACEDONIAN DIASPORA
ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

Основана во 2004, Обединетата Македонска Дијаспора (ОМД) е водечка меѓународна невладина организација која работи за интересите и потребите на македонците и македонските заедници низ светот.

Лоцирана во Вашингтон, ОМД исто така има канцеларии во Мелбурн, Австралија и Торонто, Канада како и претставници ширум светот, вклучувајќи Париз, Лондон, Брисел, Виена, Киев, Санкт Петерсбург и Штутгард.

ОМД е класификувана под шифра 501(c) (3) добротворна организација во САД. ОМД Канада е регистрирана како добротворна организација.

Board Members
Stojan Nikolov, Metodija A. Koloski, Aleksandar Mitreski, George Peters, Lidija Stojkoska, Ordan Andreevski, Jim Daikos, Goran Saveski, Dame Krcoski, Trajko Papuckoski

UMD Advisory Council
Ambassador Ljubica Acevska, Chris Antoniou, George Atanasoski, Dana L. Klein, George Koroloff, George Markou, Mark B. Mitskovski, Jerry Naumoff, Elizabeth Naumovski, Jim Pavle, Chris Stanwyck, Thomas N. Taneff, Gligor Tashovich, Nicolas Thaw, Lou Vlasho

Global Representatives
Filip Altiparmakovski, Alexander Avramoski, Argie N. Bellio, Mark Branov, Natalia Buling-Betinski, Nikola Cuculovski, Igor Danajlovski, Gjorgji Gjeorgjievski, Mishko Josifov, Konstantin Nakovski, Aleksandra Nasteska, Eugenia Natsoulidou, Dimitar Nasev, Zhikica Pagovski, Robert Pasquale, Goce Peroski, Dejan Petkovski

Fellows
Ana David, Zlata Unerkova, Milena Furnadziska, Tamar Gzirishvili

For more information, please visit:
www.umdiaspora.org

ПИСМО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

Почитувани читатели и пријатели,

Се надевам дека Вие и Вашите семејства уживате во оваа празнична сезона! За мене, празничната сезона преставува време поминато заедно со најблиските, кога си спомнуваме за минатото, и се надеваме за подобра и помирна иднина во светот. Без разлика дали го славите Божиќ или Ханука, Ви посакувам на Вам и на Вашите семејства прекрасни моменти исполнети со радост, љубов и здравје.

2012 година помина и новата година е веќе во нашиот хоризонт. Во 2013 година навршуваат 100 години од Балканските војни и од потпишувањето на Букурешткиот договор кој ја подели нашата нација на три, а потоа и на четири држави. Затоа, 2013 е годината кога сите Македонци во светот мора да се обединат за да создадат посилна Македонија.

Џорџ Сантајана еднаш рече "Оние кои не се сеќаваат на минатото, осудени се да го проживеат повторно." Овој запис се наоѓа на спомен плоча во концентрационит логор во Аушвиц во Полска.

Време е и ние да ја кажеме нашата приказна и да го информираме светот дека и покрај вековните етнички чистења, културни геноциди, економски пресврти, и граѓански војни, Македонците се уште стојат гордо и имаат светла иднина пред нив.

Ова е причината зошто ОМД одлучи да го организира својот главен годишен настан - четвртата глобална конференција на ОМД (ОМД ГК 2013)- токму во Македонија, во периодот од 25 Јули до 3 Август, 2013 година. Дозволете ми лично да Ве поканам Вас и Вашето семејство да ја посетите Македонија заедно со очекуваните стотоци Македонци од целиот свет. Ако сте планирале да ја посетите Македонија во последните неколку години, конференцијата е совршената можност.

За време на 2012 година, напредокот на Македонија беше блокиран од страна на Бугарија и Грција. Јас само што прочитав дека и Србија сака да се вмеша и да помогне во решавањето на таканаречениот "спор за името." Дали историјата се повторува? Се чини како ова да е модерна реприза на Балканските војни во 21 век на политичките сцени во светот. Потомците на српските, бугарските и грчките царства повторно се обидуваат во нивна корист да ја попречат судбината на Македонија. За жал, Европската унија и САД го наградуваат ова однесување на нашите соседни со секој нивен притисок за изнаоѓање на компромис за нашето уставното име или нашиот културен индититет.

Би сакал да Ве замолам, за време на празниците, заедно со Вашите семејства да се сетите и да не заборавите на се она што нашите предци поминале за да имаме слободна, суверена и независна Македонија. Да сториме се што можеме да ја заштитиме Македонија и да ја изградиме просперитетна, успешна и да биде пример за целиот регион.

Бог нека ни е на помош, и во име на сите нас во ОМД, Ви посакувам Среќна нова година!

Искрено Ваш,
Методија А. Колоски

Претседател на ОМД

ЕДИТОРИЈАЛ



Политика на споменици

Од Марк Бранов

Спомениците и бистите се вообичаено нешто низ главните градови ширум светот, често оддавајќи почит и признание на личност или историски настан. Како и да е, во Македонија спомениците се политичка бомба.

Владиниот амбициозен проект, Скопје 2014 продуцираше изградба на дузина статуи во последно време, особено масивниот споменик-статуа на Александар Македонски кој доминира на градскиот плоштад. Голем каков што е, уште повеќе доби на масивност преку новинарските известувања кои изобилуваат со контроверза.

Критицизмот од страна, пред се доаѓа од Хеленските сеирџии. Предвидливо, тие ја сметаат статуата за провокација, на ист начин како што ги сметаат и Македонците за провокација, притоа и помагателите на Атињаните, во Брисел брзо реагираа како папагал да ја повторуваат оваа теза.

Критицизмот од внатре, најповеќе се фиксира на трошоците за статуите, некои го критикуваат и стилот или фактот дека се изградиле во Италија, а не во Македонија. Лидерите на Албанското малцинство врискаат за дискриминација, очекувано. Малкумина, едноставно не се фанови на Александар и тие имаат свои причини истотака.

Во меѓувреме, многу Македонци, силно ја поддржуваат трансформацијата на градот и особено поставувањето на статуата на Александар Македонски.. Се радуваат што Скопје конечно почнува да изгледа на главен град, наместо на сивило, провинциски бастион на страниот режим во Белград.

Мене ми изгледа дека статуата примарно е јавно искажување на суверенитет, во период кога почитта кон националниот суверенитет како да не е повеќе во мода, во места како што се Брисел или Берлин.

Без разлика кое е твоето лично мислење за Александар Македонски, неговиот имиџ и симболи се длабоко поврзани со оваа земја, ова е историска татковина на Македонците. И да, тоа секако ја вклучува Беломорска Македонија.

Меѓутоа, статуата јасно, не е иредентистичка провокација од ниеден вид кон Грција, земја со 10 пати поголема војска. Ако Грција е загрижена за Македонски иредентизам, зошто тогаш одбиваат да го потпишат договорот за не-напаѓање и агресија со Македонија, договорот наречен НАТО?

Тажно, модерна Грција никако да ја сфати реалноста, не само дека Македонија има посебен идентитет, видлив во 21от век, туку и дека одсекогаш го имала својот идентитет, значајно поразличен од Грчкиот идентитет, уште повеќе и фактот дека Македонскиот идентитет засекогаш ќе остане поразличен, за вечни времиња. Затоа, овој спор околу статуата е за непријателството што модерната Грчка држава го има према 'другите' и е за тоа како Македонија треба да се спротивстави на тоа непријателство.

Грчката ксенофобија против Македонците се базира на несигурноста околу безправно конфискуваното парче земја. Се работи за тоа дека пред еден век, Беломорска Македонија беше завземена од Грчкиот крал, иселувајќи го голем број на Македонското население, за да потоа го насели со понтски бегалци од Анатолија, со Турско-говорно потекло. Се работи и за Грчката граѓанска војна во 1948, кога Македонските жени и деца беа гаѓани до смрт со напалм бомби од воздух и покрај фактот дека официјално 'тие не постоеле'. Се работи за тоа кому му припаѓа оваа земја, за тоа колку долго тие беа таму и за тоа што иднината ќе донесе.

Овие примарни стравови се длабоко всадени во Грчкиот ум. Тие стравови се изразени на светската сцена преку Грчката државна опсесивна програма за дестабилизација на Република Македонија и тие се изразени на домашната сцена преку државната опресија врз Македонската Заедница во северна Грција.

Македонците се многу сигурни во тоа што се, но нивната млада држава не е така сигурна како што би требало да биде. Во меѓувреме, нашата култура е под опсада, во западните делови на Републиката, и особено, во територииите на историска Македонија кои подпаѓаат под окото на ЕУ кое ги запостави.

Во Грција, за разлика, државната агресија против Македонската култура ужива премолчена поддршка од просечниот Јорго од улиците, кој пак не знае ништо подобро. Истотака добива и силна поддршка од фашистичкиот елемент во Грчкото општество-елемент кој има превласт, вклучително поддршка и во Грчката армија и тајната служба, во Грчката Православна црква и во најголемите водечки Грчки политички партии, како што се Златна Зора и Нова Демократија.

Откако статуата на Александар претставува културно изразување и откако Република Македонија е суверена, независна држава, на никој не му треба да даде извинување заради тоа што 'подфрлија' да ги прашаат Атињаните за согласност пред да почнат со градба. Ако новиот концепт на ЕУ за добрососедски релации значи Македонците да се прекрстат самите согласно Хеленскиот поглед на светот, тогаш Македонските не се заинтересирани за истиот тој концепт.

Ако Грција сака подобри релации, не треба да се грижи за статуите воопшто, туку треба да се фокусира на исполнување на своите обврски. Како подписник на низа договори за човековите права, треба целосно да ја признае домородната Македонска заедница во Беломорска Македонија и треба да ја изостави пропагандната политика насочена против Република Македонија.

Што се однесува за или против Скопје 2014, употребата на буџетски средства, ова е комплексно прашање. Во секој случај, тоа е помеѓу Македонските избирачи и нивните демократски избрани претставници. Споредувајќи ја вредноста на уметничко изразување на социјално-општествените добра е како да споредуваш јаболки со портокали. Но, тука секако не се поставува прашањето дека моменталните економски проблеми во Македонија се многу реални. Затоа, Владините критики држат, изградбата на споменици треба да почека.

Додека јас го симпатизирам овој аргумент, и други слични околу цената на проектот, истовремено се прашувам кој стандард на живеење е потребен во Македонија пред да стане оправдана изградбата на споменици.

ПРЕТПРИЕМАЧОТ
КРИС ПАВЛОВСКИ
ОД ТОРОНТО ПОСЕГНУВА ПО ЅВЕЗДИТЕ

Од Марк Бранов

Секогаш со задоволство ги прикажуваме Македонците кои се на врвот во нивните професии, а Крис Павловски од Торонто, дефинитивно се вклопува во тој опис. Крис е претприемач со голем ентузијазам и има изградено голем број на успешни бизниси особено во сферата на онлајн рекламирањето. Крис работи и за еден многу амбициозен проект кој работи на патување во вселената, а исто така има превземено неколку чекори за инвестирање во секторот за информатички технологии во Македонија.

МБ: Кажете ни малку за Вашето македонско потекло, семејството и детството во Канада.

КП: Јас сум роден и израснат во Торонто (Канада), но имам македонско потекло. Иако животот во Канада имаше голема улога во градењето на мојот карактер, но бидејќи двајцата мои родители се родени во Македонија, навикнат сум и на македонската култура. Нормално, јас како Канаѓанец, многу го сакам хокејот и до ден денес сеуште играм хокеј. За време на моите адолесцентски години за прв пат се запознав со интернетот и многу брзо почнав да се занимавам со програмирање и компјутери. Потоа студирав на Универзитетот во Торонто, а во исто време го почнав и мојот прв бизнис “Џолтед Медиа Груп (ЏМГ)”.

МБ: Кога за прв пат ја откривте Вашата страст за градење на веб-страници?

КП: Ја открив мојата страст за компјутери и програмирање кога бев околу 14-15 години. Кога моите родители го купија првиот компјутер, јас брзо станав опседнат со него. На шеснаесетгодишна возраст почнав скоро секој ден да градам страници за игри, забава, па дури и за финансиски акции. Потоа ја отворив фирмата Џокеро, која подоцна прерасна во вистински бизнис со многу вработени и клиенти од листата на Fortune 500.

МБ: Со Вашето десетгодишно искуство во онлајн рекламирање и во маркетинг, студии на

универзитетот во Торонто, потоа си работел за Microsoft, си ја основал веб-страната Jokeroo.com, која потоа прерасна во "Џолтед Медиа Груп" во Торонт, на која денеска си сега нејзин извршен директор. Во ЏМГ имаш импресивна листа на клиенти, вклучувајќи ги и Microsoft, Yahoo, Bell Media, Universal Studios и многу други. Кои се твоите тајни на успехот?

КП: Една од најважните работи за успехот на бизнисот е постојано да се биде пред трендот. Во ЏМГ прво почнавме со споделување на честитки, па прераснавме во сајт за споделување на слики, потоа на видеа, додека не прераснавме во најголемата платформа со содржина на комедии во цела Канада. Тајната на успехот е секогаш да се биде пред трендот и со константно темпо бизнисот да еволуира.

МБ: Што е она што ЏМГ им го нуди на своите клиенти што ги тера да се враќаат повторно?

КП: Во моментов нашата конкурентска предност лежи во комерцијалените системи и патент формати за рекламирање кои ги имаме произведено. Една од најголемите достигнувања на нашата компанија се производството на патентирани формати за видео реклама. Кога имате свој патентиран формат се обезбедува трајна конкурентна предност на Вашата компанија. Во прилог на нашите патенти, исто така произведуваме и комерцијални системи кои им овозможуваат на креаторите на соджината да изберат вредност на нивната содржина. Општо земено, од ислучителна важност е да се создаваат нови работи кои никој друг не ги произведува.

МБ: Што гледате во хоризонтот, кога станува збор за тоа како интернетот ќе се развие и колку самите веб сајтови ќе еволуираат?

КП: Ова е одлично прашање, но никој сеуште го нема точниот одговор. Но, со моето долгогодишно искуство и според мое мислење, верувам дека трендот се движи кон корисниците на интернетот. Исто како што ЏМГ се развива и им овозможува на корисниците да ја контролираат содржината, верувам дека и социјалните мрежи како што се Фејсбук и видео платформите како YouTube ќе треба да го сторат истото. Моќта ќе премине во рацете на корисниците, па така компаниите што ќе им го обезбедат тоа на корисниците се оние кои ќе ги придобијат потрошувачите.

МБ: Вие исто така имате страст и за астрономија. Кажете ми Ве молам за вашата работа со компанијата "Следниот џиновски скок".

КП: Уште кога бев дете, секогаш имав многу високи цели. Како и многу други деца, сакав да бидам астронаут или да работам нешто поврзано со вселената. Иако многу деца брзо го забораваат овој сон на патот кон нивните кариери, јас како што стареам, се повеќе сакам да го остварам мојот сон. Кога станува збор за мојата соработка со компанијата "Следниот џиновски скок", ми се овозможи шанса да се здружам со светските лидери во авионската индустрија. Нашиот тим во компанијата "Следниот џиновски скок" се состои од истомислени поединци кои имаат љубов и страст за вселената и имаат една цел, а тоа е да слетаат на месечината (со помош на нашиот роботски кенгур), и да бидеме првата приватна компанија која ќе успее да го стори тоа. Луѓето кои се дел од оваа група вклучуваат: пет пати астронаутот на НАСА Џефри Хофман, како и организации од типот на MIT, Sierra Nevada Corporation, градителите на Dream Chaser Space Shuttle, и Draper Labs.

Иако многу деца брзо го забораваат овој сон..., јас како што стареам, се повеќе сакам да го остварам мојот сон.

МБ: Вашиот нов пофат е неодамна отворената канцеларија во Скопје (Македонија). Каков совет може да им понудите на странските инвеститори заинтересирани за проширување во Македонија, и кои се предностите да се работи од таму?

КП: Да, ние ја отворивме фирмата Космички развој, која нуди софтверска информатичка технологија, консултантски услуги како и се фокусира на аутсорсинг на канадските и американските пазари. Првичната идеја беше да се отвори компанијата во Индија, но по неколку разговори со мојата сопруга и по запознавањето на неколку исклучителни личности во Макеоднија, како на пример Илчо Бојчевски, ја основавме компанијата Космички развој во Скопје. Кога станува збор за инвестирање во Македонија, препорачувам да се воспостави врска со некој кој добро го познава македонскиот јазик и област. Без тие познавања, отварање на бизнис во Скопје може да биде тешко. Кога станува збор за предностите, Скопје ја нуди најталентираната работна сила што некогаш сум ја сретнал во секторот на информатичката технологија. Иако пазарот е доста мал во споредба со тој во Индија, квалитетот на работа ги надмина сите мои очекувања.

МБ: Неодамна се оженивте за љубовта на Вашиот живот Ванеса. Како се запознавте? Дали ја донесовте во Македонија? Кои беа нејзините импресии?

КП: Да, само што се оженив! Се запознавме пред десет години кога бевме тинејџери. Пред неколку години одлучивме да заминеме на планинарска тура низ Грција и Македонија. Нејзините импресии од регионот беа многу позитивни, а најмногу и се допадна топлината на македонскиот народ. Моето семејство ја пречека како дел од семејството, а културата, храната и пејсажите и оставија позитивни впечатоци од Македонија. Планираме повторно да одиме во блиска иднина и двајцата со нетрапение чекаме да одиме во повторно во Македонија.

ОВАА ПРАЗНИЧНА СЕЗОНА,

МАКЕДОНЦИТЕ ОД ДИЈАСПОРАТА ИМ ПОМОГНАА НА СИРАЧИЊАТА

Во петокот на 21 декември 2012 година, Обединетата македонска дијаспора (ОМД), Обединетите Македонци-Американци од Детроит (ОМАД), Ајвар ДОО, како и организацијата "Пенс фор кидс интернешнл" (ПФКИ) ја доставија многу-потребната помош на сиропиталиштето "11 Октомври" во Скопје, во вид на дваесет и пет нови кревети и училишен прибор за сите сирачиња во домот.

"Во домот, децата и вработените топло не пречекаа, и многу уживав во нивните изведби за време на преставата," рече преставникот на ОМД за Вашингтон, Мериленд и Вирџинија, кој ја достави помошта на домот во Скопје. "Неверојатно е чуството да се придонесе за нашата татковина со помагањето на овие дечиња и да се биде сведок на нивната радост."

"Ние во ОМАД бевме среќни да бидеме дел од оваа иницијатива со цел да му се помогне на сиропиталиштето во Скопје. Нашата цел е да им се покаже на овие деца дека за време на оваа празнична сезона некој се грижи за нив, нивната топлина и радост," изјави претседателот на ОМАД Том Бејоф. "Радосни сме бидејќи знаеме дека овие деца ќе можат да спијат во нови и топли кревети за време на празниците."

ОМАД ги собра овие сретства за време на банкетот "Горд сум што сум Македонец" на 3 ноември 2012 година на кој присуствуваа над 350 гости. Секоја година ОМАД организираат годишен настан за собирање на средства за помош на сиромашните во Македонија.

"Развој преку образование на сите деца во светот, а особено во Македонија, е цел на ПФКИ уште од основањето на организацијата, и ни преставува голема чест да се здружиме со ОМД, ОМАД и Ајвар ДОО за да им обезбедиме училишен прибор на децата, и да бидеме мал дел од нивната радост," изјави ко-основачот на ПФКИ и првиот амбасадор на Македонија во САД, Љубица З. Ацевска.

"Визијата на првата Ајвар 5К трка на 9 септември 2012 година беше да се соберат средства за сирачиња во Македонија, и се надеваме дека овој настан ќе се огранизира секоја година и ќе им овозможи на македонската дијаспора и пријателите на Македонија да помогнат на сиромашните во Македонија," рече ко-основачот на Ајвар ДОО, Бернард Песјак.

Трката Ајвар 5К ќе се одржува секоја година, а оваа година на трката дојдоа над 150 тркачи и пешаци. Втората Ајвар 5К трка ќе се одржи на 8 септември 2013 во Вашингтон, и во план е да се прошири низ другите градови во САД и Канада.

НАДМИНАТИ ОЧЕКУВАЊАТА НА ГЛОБАЛНИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ САМИТ

Македонија 2025, организатор на Глобалниот инвестициски самит за Македонија кој оваа година за првпат се одржа од 18 до 21 октомври 2012 во Охрид, го изразува своето огромно задоволство од постигнувањата на овој прв инвестициски собир: учество на околу 350 регистрирани учесници од земјата и светот, учество на 40 светски бизнис лидери во работните сесии, остварени над 100-тина официјални и неформални бизнис средби. Голема благодарност, Македонија 2025 им изразува на Македонската развојна фондација за претпријатија како локален партнер за мали и средни претпријатија; Платинестите спонзори: Алкалоид, Макстил и Космик Девелопмент; Официјалниот телекомуникациски партнер: Македонски Телеком; како и на сите институции - поддржувачи кои помогнаа во организацијата и одржувањето на Самитот.

Трите главни цели на Самитот се: привлекување на странски директни инвестиции, зголемување на извозниот потенцијал и економски развој преку поактивно интегрирање на Дијаспората во македонската економија. Самитот треба да ги зајакне и унапреди врските меѓу глобалната македонска заедница и бизнисите во Македонија како и да ги презентира македонските инвестициски можности пред претставниците на македонската дијаспора и останатите потенцијални инвеститори. Бидејќи ова е прв ваков самит, со очекувања дека ќе се одржува секоја година, поголемо внимание беше посветено на презентирање на инвестициските можности и климата за водење бизнис во Македонија.

На затворените работни сесии од страна на постојните странски инвеститори беа посочени неколку клучни конкурентни предности на земјата: долгорочна макроекономска стабилност, стратешка географска положба, добра логистичка поврзаност, релативно ниски трошоци, стимулативни даночни стапки, квалитетна работна сила, достапност и соработка на институциите, развиена инфраструктура и целосно опремени и функционални индустриски зони.

Исто така беа презентирани главните реформи имплементирани во изминатиот период: најниски даноци во Европа, редукција

на административните трошоци за компаниите, намалување на трошоците на трудот, капитални инвестиции за инфраструктурни проекти, потпишани договори за слободна трговија со над 85% од земјите каде Македонија извезува, изградба на технолошко-индустриски развојни зони.

Предизвици со кои ќе се соочува Македонската економија во следниот период, според панелистите на Самитот се: зголемување на ниската потрошувачка моќ која е резултат на големата невработеност, наоѓање на вистинската рамнотежа помеѓу трудо-интензивните и капитално-интензивните индустрии (првата би ја подобрила вработеноста, а втората трансферот на технологии), подобрување на конкурентноста на македонските компании, намалување на јазот во продуктивноста во споредба со земјите од Западна Европа, подобрување на функционирањето на судскиот систем, промоција и имплементирање на јавно-приватни партнерства, понатамошна имплементација на стандардите на ЕУ, подобрување на бизнис стандардите и етиката.

Идентификувана и акцентирана беше една од главните пречки за отворање и проширување на бизнис во Македонија, а честопати тоа се скапите финансии кои на странските инвеститори им ги нудат комерцијалните банки. Од друга страна иако банките се подготвени за финансирање на поголем број проекти, скоро една третина од домашните компании не можат да обезбедат инструменти за осигурување на ризикот.

Како можности за инвестирање се идентификувани: телекомуникацискиот сектор, привлекување на инвеститорите од Кина и Индија и фокус на специјализацијата и конкурентноста преку образована работна сила. Македонија беше идентификувана како земја на можности во секторот на информациски технологии и прехрамбено-преработувачката индустрија.

Еден од главните истакнати говорници на Самитот, Сами Елхејџ, Главен Оперативен Директор на Нокиа-Сименс Нетворкс во контекст на конкурентните сектори во Македонија изјави: „Важноста на Телеком и ИТ индустријата во Македонија е преголема, бидејќи тука може да се привлечат светски играчи. Денес не е важен уредот, туку податоците на мобилната инфраструктура во конектираниот свет."

Генерален впечаток за Самитот од перспектива на присутните учесници е дека се големи очекувањата Дијаспората да биде проактивен и поактивен фактор во развојните процеси во Македонија. Овој самит е моќна алатка за поблиска соработка и поврзување на бизнис капацитетите со кои располага Македонија и нејзината дијаспора. Државните институции се на добар пат во постигнувањето на оптимална бизнис клима која ќе промовира нови инвестиции, извозни и развојни проекти, и се очекува да се воспостави долгорочна платформа за соработка во чија имплементација и реализација треба да бидат инволвирани сите фактори и чинители во процесот.

Настан во рамките на Самитот, кој привлече големо внимание, а во контекст на недоволноста на финансиски средства за извозни и инвестициски проекти, е најавата за формирањето на капиталниот фонд СЕАФ Македонија 1, капитален фонд за ризични инвестиции кој е ориентиран кон раст на македонските претпријатија. Почетниот фонд е утврден на 15 милиони евра, средства обезбедени од СЕАФ и членовите на Одборот на директори на Македонија 2025. Членовите на Македонија 2025 освен инвестирањето капитал во Фондот ќе им нудат менторства и пристап до пазарите на македонските претприемачи.

Зоран Мартиновски, член на бордот на директори на Македонија 2025 изјави:

„Настан на вакво ниво е од големо значење за нашата земја. Задоволни сме што овој самит на едно место собра толку многу бизнис лидери, инвеститори од земјата и од странство и владини претставници. Денес заедно со нив, преку Македонија 2025 на пат сме да изградиме една цврста платформа за анимирање на бизнис дијаспората. Нема подобро место за живеење од дома и затоа треба да се работи на развој земјата."

За повеќе информација –
http://www.macedonia2025.com
http://www.mgisummit.org

АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ МАКЕДОНСКИ ЛИЧНО
СОСЕМА ЈАСНО ГИ ИЗДВОИЛ МАКЕДОНЦИТЕ ОД ГРЦИТЕ!

Најпознат лик од антиката кој сосема јасно ги издвоил Македонците од Грците како два посебни народа секако дека е најпознатиот македонски цар Александар Трети Велики Македонски (356 - 323 год. пред Христа).

Од Александар Донски



Денес се зачувани извадоци од негови артикулации (писма и говори) објавени од страна на старогрчкиот историчар Аријан. Аријан, пак, ги превзел овие материјали од историското дело посветено на Александар, напишано од александровиот генерал (а според некои извори и полубрат) Птолемеј. Ова историско дело денес е зачувано само во фрагменти пренесени од неколку други антички историчари. Но, да поминеме на фактите.

Аријан го пренесува говорот (превземен од загубеното дело на Птолемеј) што Александар Велики Македонски го одржал пред своите офицери кога тие, на барање од војниците, одлучиле да не го следат натаму во конечното освојување на Индија и преморени посакале да се вратат во своите домови. Меѓутоа, отпрвин никој од нив не се осмелувал да му го соопшти тоа. Александар сфатил што се случува, ги повикал на состанок своите офицери и им се обратил со зборовите:

„О Македонци и грчки сојузници забележувам дека кога би ве повел во нови потфати нема веќе да ме следите со стариот дух.. Ве повикав на состанок за да донесеме заедничка одлука: дали ќе продолжиме натаму како што посакувам јас или ќе се вратиме назад како што посакувате вие.

Ако имате какви било забелешки во врска со резултатите од вашите досегашни залагања или во врска со мене како ваш командант, нема што повеќе да се каже. Но, дозволете ми да ве потсетам. Преку вашата смелост и издржливост вие станавте господари на: Јонија, Хелеспонт, Фригија, Кападокија, Пафлагонија, Лидија, Карија, Ликија, Памфилија, Феникија и Египет. Грчкиот дел од Либија сега е ваш, заедно со дел од Арабија, долна Сирија, Персија и Медија со сите територии кои порано биле или не биле под нивна власт. Сето тоа сега е во ваши раце. Вие сега сте господари на земјите зад Касписките врати, зад Кавказ и Танаис, како и на Бактрија, Хирканија и Хирканиското Море. Ние ги избркавме Скитите назад во пустината, а реките Инд и Хидасп, Акесин и Хидраот сега течат низ земја која е наша. По сите овие достигнувања зошто се двоумите сега да ја проширите моќта на Македонија, т. е. вашата моќ кон Хифас и племињата што живеат од другата страна?“.

И понатаму:

„Ако се вратите сега, таму ќе останат многу воинствени племиња непокорени помеѓу Хифас и источниот океан... Ако се повлечеме сега постои опасност на територијата во која што се уште не ни е зацврстена власта да биде поттикнат бунт од некој народ што се уште не сме го покориле. Господа од Македонија и вие мои пријатели и сојузници, ова не смее да се случи.“

И понатаму:

„О Македонци и грчки сојузници, останете цврсти!... Каква голема и благородна работа ќе остваревме ние, ако мислевме дека е доволно спокојно да живееме во Македонија и само да си ги заштитуваме нашите домови, бранејќи се од обидите да бидеме потчинети од Тракијците на нашите граници, од Илирите и Трибалите или можеби од оние Грци кои сакаат да го загрозат нашиот конфор.“ (Arrian, Anabasis, Chap. XXV; Подвлекувањата се мои).

Во овој говор на Александар, зачуван од загубената историја на Птолемеј, недвосмислено се гледа дека самиот најпознат македонски цар правел јасна разлика помеѓу Македонците и Грците како два посебни народа. Тој овде не само што одвоено им се обраќа со “Македонци и грчки сојузници”, туку и децидно објаснува дека Македонците во Македонија можеле да бидат загрозени од своите соседи: Илири, Тракијци, Трибали и - Грци!

Александар Велики Македонски јасно ги издвоил Македонците од Грците и во своето писмо што

го испратил до персискиот цар Дарие како одговор на неговата мировна понуда. Аријан пренесува делови од ова писмо: Еве што, меѓу другото, му напишал Александар на Дарие:

„Мојот татко (Филип Втори) беше убиен од заговорници испратени од тебе како што самиот се фалиш во твоите писма. А по ликвидирањето на Арсе и на Баго и по нелегалното превземање на тронот наспроти законите на Персијанците и по твоето неправедно владеење, ти им испрати на Грците непријателски писма против мене, убедувајќи ги да ми објават војна. Ти исто така испрати пари на Спартанците и на некои други Грци, но ниту една држава нив не ги доби, освен Спартанците.“ (Arrian, Anabasis, Chap. XIV).

Очигледно дека Александар и овде ги третира Грците како туѓ народ. Познато е дека Спартанците биле единствените Грци кои колку толку успешно се спротивставувале на македонската хегемонија. Овде гледаме дека самиот Александар тврди дека тоа било затоа што биле потплатени со персиски пари. Секако дека ваквото тврдење тој го изнел врз основа на веродостојни информации од свои луѓе во нивните редови.

И во Биографијата за Александар напишана од латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф, пренесени се изјави од Александар Велики Македонски во кои тој го спомнува посебниот македонски јазик нарекувајќи го „мајчин јазик“ (за што подетаљно ќе пишуваме во некој следен текст).

Заради сето ова, навистина е нејасно како може денешната грчка историографија и пропаганда и прогрчки настроените автори од други земји да го третираат Александар како „Грк“ кога самиот тој јасно ги издвоил Македонците од Грците.

Текстот претставува извадок од книгата „Старогрчки и други антички сведоштва за посебноста на античките Македонци“ од Александар Донски. Во книгата се застапени сведоштва од близу шеесет старогрчки и други антички автори кои јасно сведочеле дека Македонците и Грците отсекогаш биле два различни народа. Книгата „Старогрчки и други антички сведоштва за посебноста на античките Македонци“ е објавена на англиски и на македонски и истата ќе нанесе дефинитивен удар врз големогрчката пропаганда. Набавете ја книгата преку ОМД на емаил адресата: snikolov@umdiaspora.org, по цена од $20 плус поштарина од $5 за САД и Канада, или $10 за Европа или Австралија. Ве молиме да нагласите дали сте заинтересирани за македонската или за англиската верзија.

ДОБРОТВОРНИОТ ТУРНИР ВО ГОЛФ ВО ЦЕНТРАЛЕН ОХАЈО
СОБРА НАД 50.000 ДОЛАРИ ВО ДОНАЦИИ

Петта година по ред успешен годишнен Македонско-американски турнир во голф

Напишано од Том J. Христовски

Пред пет години, група на млади Македонци одлучија дека е време македонската заедница да биде подобро организирана. Иако илјадници Македонци живеат во околината на Колумбус (Охајо), многу од нивните американски соседи не беа запознаети со македонската колтура. Овие млади Македонци кои редовно одат во православната катедрала Св. Богородица во Рејнолдсбург (Охајо), го формираа Македонското православно филантропско општество (МПФО).

“Тоа е она што мислевме дека и фали на македонската заедница,” рече Том Христовски, претседвачот на Македонско-американскиот турнир во голф и член на МПФО. “Ова не е само собирање на сретства за катералата, туку и начин на едуцирање на нашите соседи за македонската култура.”

Членовите на МПФО организираат повеќе

годишни настани, а еден од нив е и годишниот Македонско-американски турнир во голф. Од основањето на овој турнир до сега има собрано над 50.000 доллари во донации. Сите сретства од турнирите се донирани за изградба на новиот културен центар во склоп на катедралата Св. Богородица. Катедралата Св. Богородица е дом на над 350 семејства во областа на Колумбус и е дел од заедницата повеќе од 50 години.

Луѓето во катедралата веќе започнаа со израмнување на замјиштето и со подготовки за градење на културниот центар. Кога изградбата ќе заврши, културниот центар ќе нуди часови по македонски традиционални танци, неделно училиште, како и настава по македонски јазик.

"Религијата, јазикот, ората и музиката се многу важен дел од ширењето на културата," вели Христовски. Другите култури во заедницата, како на пример италијанската или шпанската се многу по-пристапни на оние што сакаат да научат. Она што ние го нудиме во културниот центар е можност идните генерации да ги продолжат македонските традиции."

Каузата на МПФО беше поддржана од страна на бројни локални бизниси со македонска и американска сопственост. Овогодишниот турнир во голф беше спонзориран од страна на 22 локални бизниси вклучувајќи ги: клубот на Сем, паб Јордан & Дели, скарата и пабот на Џими Ви, Рикарт Форд и многу други. "Сем Волтон предвидел дека, со цел да се подобри заедницата, сите негови соработници и членови на заедницата ќе излезат надвор и ќе се приклучат во каузата," вели Ерин Глен од Клубот на Сем во Рејнолдсбург. "Горда сум што сум дел од една ваква компанија која се грижи за заедницата. Возбудена сум да бидам сведок на трудот што македонската катедрала го вложува за обединувањето и убавината на околината во Рејнолдсбург (Охајо)."

Во последните три години, компанијата "Клубот на Сем" е најголемиот спонзор на Македонско-американскиот турнир во голф, и секогаш ја поддржува македонската катедрала за сите останати настани, како на пример македонскиот фестивал. "Чест ни е што ја имаме поддршката на локалните бизниси во Колумбус, а тоа ни овозможува да го подобриме искуството на голф играчите," вели Христовски.

Овогодишниот турнир собра над 15.000 долари, а оваа година е најуспешната година до сега. Овогодишниот Македонско-американски турнир во голф оддржа и најразлични натпревари за учесниците вклучувајќи: натпревар во најдолго возење, најдолг удар, најблиску до дупката и најправиот удар. Исто така, турнирот им овозможи на играчите да освојат пари преку учество во натпреварот "Трета еднаквост". Покрај тоа, на натпреварувачите им беа достапни џокери, кои би им ги зголемиле шансите за победа на првото место и 600 долари. Учесниците имаа шанси да освојат парични вредности, награди од типот на потпишани спортски сувенири, ВИП билети за хокеј натпревари на тимот "Плави јакни", вечера, па се до парични награди со вредност до 1300 долари.

Во последните три години, компанијата "Клубот на Сем" е најголемиот спонзор на Македонско–американскиот турнир во голф, и секогаш ја поддржува македонската катедрала за сите останати настани, како на пример македонскиот фестивал.

"Возбудени сме да ја продолжиме традицијата на Македонскио-американскиот турнир во голф. Оваа година имавме играчи кои за да учествуваат во турнирот допатуваа дури од државите Аризона и Илиноис. Наша цел е турнирот да стане познат во целата држава," рече Том Христовски. "Благодарни сме на поддршката од страна на учесниците, на нашите спонзори и со нетрапение очекуваме уште една успешна година."

Покрај турнирот во голф, МПФО има организирано и десетина други годишни настани вклучувајќи го и Македонскиот фестивал, донации на храна, велигденски забави за најмладите и многу други.

За да помогнете со изградбата на културниот центар, Ве молиме пратете ги Вашите донации на следнава адреса: St. Mary's Macedonian Orthodox Cathedral, Attention: MOPS Donations, 400 South Waggoner Road, Reynoldsburg, Ohio, 43068. За повеќе информации и фотографии од Македонско-американскиот турнир во голф, Ве молиме посетете ја следната веб-страница www.MacedonianGolf.org. За да дознаете повеќе за МПФО и за македонската катедрала Св. Богородица, Ве молиме посетете ја следната веб-страница www.MacedonianChurch.org или www.Facebook.com/MAGSofColumbus.

Им се заблагодаруваме на сите спонзори на Македонско-американскиот турнир во голф: Sam's Club, Buckeye Auto Service, Giuseppe's Ritrovo, Easy Living Catering, Eyeglass Wearhouse, Evans Funeral Home, Jordan's Pub & Deli, M.O.P.S., Ohio Sinus, Institute, Lawyer Tommy Taneff, FM Food & Music, BBR Columbus, Ricart Ford, Jimmy V's Grill & Pub in Westerville and Granville, OH., Heartland Bank, Zeno's Activewear, Golfsmith, Classics Sports Bar & Grill, Remax Realtor Nik Labudovski, Minuteman Pizza (Gahanna), United Macedonian Diaspora, SV Cable.

СО СВОЈ КАМЕН ПО СВОЈА ГЛАВА

Од Просветен Работник

Изгледа ни нема помош, или можеби грешам? Дај Боже да грешам . Всушност, за што се работи?

Жално е да работите во образование и ништо да не можете да промените со години,бидејќи сте сам против многумина. Се сменија многу влади, многу директори по школи и се е исто, само формата е различна. На моменти се срамам што работам во образование а притоа не успевам да го променам несоодветното однесување на одредени колеги , наставници.Бевме на стотици семинари, поминавме низ многу проекти, но очигледно некои од нас ништо не разбраа.

Пред неколку години потпишавме КОДЕКС ЗА ЕТИЧКО ОЦЕНУВАЊЕ како ние, така родителите и учениците во цела Македонија и се согласивме за истиот.

И сето ова не важи кога ќе наближи полугодието или крајот на учебната година . Се прашувам:,, Како може еден ученик кој цела година покажува слаби резултати во учењето, прави проблеми од секаков вид,на крај да помине со сите петки. Со кое право некој се дрзнал да ургира или наставникот безобзирно да поправа,договара и се пазари за оцени. Кои вредности му ги покажуваме на детето од мали нозе? Пораката, синко не се секирај ,учел не учел, слушал не слушал , на крај ќе бидеш одличен е погрешна.

Со свој камен по своја глава удираме ама кога ќе се освестиме ќе биде касно. Всушност и сега е касно. Поминаа генерации а ние извадивме добар број полуписмени ,, интелектуалци ,, . Сметам дека тие се најлоши. Во мое време ги нарекуваа квази интелектуалци кои неможат, незнаат и никогаш нема да научат да ги вреднуваат правилно работите, затоа што ние постарите им бевме ,, пример,, како ,, треба ,,. Велат примерот воспитува, децата учат од нашите дела.

Неможам и несакам да се помирам со ваков начин на вреднување на нештата, ама тешко е да разговараш со ,, глуви ,,. Често се прашувам, смее ли секој да работи во образование ? Затоа, го молам МОН да воспостави стандарди за тоа кој смее да се запише, заврши и работи со деца / ова требаше многу одамна да се направи /.

Ги молам досегашните, сегашните и идни пратеници во Парламентот да не ги заплашуваат наставниците со отказ , ако не се поправат оцените на нивните деца т.е внуци. Пораката од типот ,, Знаеш ли кој сум јас,, да ја забораваат сите веднаш и засекогаш.

Ги молам родителите да посветат повеќе време и љубов на своите деца и енергијата што ја трошат за ургирање да ја потрошат за разговор и работа со децата.

А највеќе ги молам наставниците ширум државата, да ја работат чесно работата и

да не потклекнуваат на притисоци, се заради доброто на децата.

Во спротивно оној на кој му е сеедно која оцена ја става на ученикот, без да се потруди да го научи да ја заслужи истата, ниту работи како што треба, ниту заслужува да работи во образование .

Чесниот работник има интегритет а нечесниот нема ништо.

И на крај го молам Господ да ми даде сила да издржам и да дочекам да видам дека нешто се променило. А знаете зошто ? Затоа што не ми е сеедно што се случува со нашите деца, бидејќи лошото воспитание и образование се наши солзи,наша вина кон други луѓе, кон целата земја и пошироко.

А вам почитувани, сеедно ли ви е ?

ВАСКО СПАСЕСКИ ОД АВСТРАЛИЈА: ГРАДЕЖНИК ОД НАЈДОБАР КАЛИБАР

Напишано од Роберт Паскуале

За да се продонесе за потчита и престижот на целата македонска заедница во Австралија, важно е да им се оддаде признание на сите оние кои успеале во нивните професии,. Еден од тие лидери е Васко (Вас) Спасески кој работи за "Инспајрд Хоумс" во Лендсдел во Перт (Австралија).

ХИА наградите се најпрестижите градежни награди во Австралија во станбената индустриа, а "Инспајрд Хоумс" има освоено над осум високи почести. "Инспајрд Хоумс" ја освои наградата за најдобра куќа во градот како најдобар градежник за 2011 година и за оваа награда ги победил над 500 други компании. За прв пат Австралиец со македонско потекло да ја добие највисоката награда во градежништво во западна Австралија. Во 2012 година Спасески освоил уште три врвни награди, вклучувајќи ја и наградата за изворедна служба на западна Австралија.

Вас Спасески е роден во Перт во 1976 година, и за прв пат ја посетил Македонија на седумгодишна возраст. Од тогаш патувањата во Македонија станале семејна традиција, па ја посетуваат Македонија секои две до три години. Неговите родители доаѓаат од Прилеп каде работеле во тутунската индустрија во Галичани близу Прилеп, па се преселиле во западна Австралија во 1970 година.

Во разговорот со Вас, неговата сопруга Даниел и нивната ќерка Микајла, го запрашав дали црпи инспирација од она што го видел во Македонија, а тој одговори: " Могу од мојата инспирација доаѓа од Македонската архитектура и стилови на градежништво, особено техниката која ја видов во фабриката за алуминиум во Охрид, како и техниките на работа со мермер во Прилеп. Планирам да ги адаптирам овие техники во мојата работа. "

Вас продолжи: "Воспитувањето што го добив од моите родители ме научи на вредноста на дисциплината, напорната работа, ценењето на домот, штедењето пари, како и секогаш дасе биде искрен и директен со луѓето, за да знаат на што се," вели Вас, додавајќи: " Зборот работа е многу честа тема кај нас дома, и моте родители не толерираа ништо испод 100% труд."

Вас исто така изјави "Многу сум горд што сум Македонец и член на ОМД. Јас верувам дека сите Македонци треба да се вклучат колку што можат и да и помогнат на нашата земја Македонија."

Компанијата "Инспајрд Хоумс" (www.inspired-homes.net.au) се прошири брзо превземајќи 120 земјишта, ширејќи се во финансиските и брокерските индустрии, како и во индустријата за менаџмент на пензионерски домови. Вас има дипломирано на отсекот за градско планирање, а има искуство работејќи на многу проекти во регионот, особено во западна Австралија и Викторија.

Околу 65% од вработените во "Инспајрд Хоумс" се со македонско потекло, чии број се зголеми три пати само во минатата година.

ГЕНОВЕВА КРИСТОФ:

Оставање печат во светот на модата

Од Марк Бранов

Во светот на американската мода, Геновева Кристоф е млада ѕвезда. Дипломирала на колеџот за Арт и дизајн во Колумбос, а има работено и со најголемите имиња во меѓународната модна индустрија.

МБ: Кажете ни повеќе за Вашето македонско потекло, како и за Вашето искуство при имигрирањето во Кллумбус (Охајо, САД).

Г.К.: Родена сум во мал град во југозападниот дел на Македонија, Ресен, и имам многу убави сеќавања од моето детство таму. Се сеќава на мирисот на кафе кој доаѓаше од фабриката Агроплод, на детските игри со моите пријатели, на чуството на безбедност, на есенската берба на јаболка...иако тогаш не ми се чинеше многу забавно, сега ми недостига тоа чуство на мир во овоштарникот со јаболка заедно со моето семејство. Учев гимназија во Битола, искуство кое ме направи независна личност на многу мала возраст. Имав голема страст за мода и дизајн, но поради можностите во тоа време, се запишав на универзитетот Свети Кирил и Методиј на отсекот на Општествени и политички науки. Отсекогаш сакав да им помагм на луѓето, па затоа ја одбрав оваа хумана струка. Неколку години работев во невладини организации за подобрување на статусот на жените-СОЖМ и МЖЛ. Многу уживав работејќи на подобрување на статусот на жените, но исто така и работејќи со силни и успешни женски идоли. Се преселив во САД за да бидам со мојот сопруг Бенџамин, со кого се запознавме во Македонија. Иако уживав во мојата прва професија како

социјален службеник, во САД добив шанса да работам на мојата страст-модата.

МБ:Кажете ни Ве молам за Вашата инспирација да градите кариера во модниот дизајн.

Г.К.: Моите сеќавања од моето детство во Македонија секогаш водат кон модата. Уште кога бев многу мала, имав голема љубов кон модата. Поминував цели часови цртајќи модели од списанија и ре-дизајнирајќи ги старите фустани на мајка ми. Во тие моменти сфатив дека модата ќе ми биде професија некој ден. Далбоко во мене знаев дека порано или подоцна ќе бидам дизајнер.

МБ: На Вашиот веб-сајт се гледа дека сте дизајнирале за многу од големите модни брендови вклучувајќи ги Victoria's Secret, DSW, Bloomingdale's, Ralph Lauren, Henri Bendel, Armani и L'Oreal / Lancome. Вие како млад дизајнер, какво е искуството да се соработува со овие големи брендови?

Г.К.: Големо задоволство е да се дизајнира за овие големи брендови, а исто така преставува и големо искуство за мене!

М.Б.: Како би го опишале Вашиот стил и модна инспирација?

Г.К.: Моите модни дизајни се напредни, шик, женски, и стегнати. Јас создавам уникатна облека за софистицирани млади, интелигентни и самоуверени жени кои се во тек со модата, имаат беспрекорен стил и социјално влијание, и секогаш се во потрага на возбудливи дизајни.

Моите сеќавања од моето детство во Македонија секогаш водат кон модата. Уште кога бев многу мала, имав голема љубов кон модата. Поминував цели часови цртајќи модели од списанија и ре-дизајнирајќи ги старите фустани на мајка ми.

МБ: Кажете ни Ве молам за Вашето модно откритие за време на шоуто на Пепси и Мерцедес Бенз.

Г.К.: Пепси компанијата која беше еден од спонзорите на модната недела во Њу Јорк, лично ме избраа да бидам една од креаторите на модното шоу на Пепси и Мерцедес Бенз. Кога слушнав за оваа можност, бев многу воодушевена. Се чуствувам многу среќна што ја имав таа прилика да го остварам мојот сон и да презентирам моја модна колекција за време на модната недела во Њу Јорк. Задоволство ми е што бев спомната од страна на Симон Донан. Шоуто помина успешно, а беше посетено и од страна на многу познати личности како на пример Марија Кејт Олсон, Дебра Месинг, Џеј Мануел, Ангела Симонс, Џонатан Адлер, Џеј Александар и други.

МБ: Каков совет би им понудила на младите дизајнери кои сакаат кариера во модната индустрија?

Г.К.: Да работат напорно, да останат верни на самите себе и никогаш да не се откажуваат од своите соништа.

ДЕЦАТА БЕГАЛЦИ:
ИСТОРИЈА КОЈА ПЛАЧЕ ЗА ДА БИДЕ РАСКАЖАНА

Од Ники (Лазарова) Лакатус

Во последните десетина до петнаесет години си помислував, кој би се заинтересирал доволно за да напише книга за децата бегалци од Егејска Македонија, “деца бегалци” - термин кој го употребуваме да ги опишеме децата коишто се најдоа најзагрозени од Граѓанската Војна во Грција која траеше од 1946 до 1948 година? И најпосле, на мое големо изненадување, авторите не се ниту од македонско ниту од грчко потекло.

Кога слушнав за книгата Децата на Грчката Граѓанска Војна од Лоринг М. Данфорт и Рики Ван Боешотен, си помислив: колку би можеле они да знаат за овие деца од Северна Грција, деца кои не го познавале грчкиот јазик и говореле само на македонски? Животот на ‚децата белаци’ бил и сеуште претставува комплицирана политичка дебата. Точното разбирање на овие историски настани продолжува да биде поматено од страна на грчката Влада и нејзината пропагандна машинерија. Ова политичко прашање е станато како јазол во старо јаже, кое се распаѓа при секој обид да го одврзете. За мене, грчката Граѓанска Војна започнала во 1946 година и сеуште трае, бидејќи јас сеуште не можам да се вратам во куќата на моите родители, или што и да е останато од неа.

Да се раскаже нивната приказна како и да се документира периодот пред, за време но и по “евакуацијата” бара значајно патување. Децата бегалци, кои се сега возрасни луѓе, биле распрскани насекаде по светот, од Австралија, Централна Азија, Источна Европа, до САД и Канада. Такашто, да се напише една ваква книга е огромно достигнување, особено доколку Вашата цел е да напишете книга којашто ќе им помогне на читателите да разберат но и да осетат низ што се поминале децата бегалци. Потребно е многу работа, трпеливост, одлучност, и најважно од се, страст да се дојде до вистината. Но, Данфорт и Вон Боешотен не се откажале се додека внимателно не го одмотале јазолот. Благодарение на нивната напорна работа и одлучност, ние конечно можеме да ги проследиме чекорите на децата бегалци. Тие спровеле преку 100 интервјуа што ни овозможува подобро да ја разбереме нивната судбина. Всушност, тоа е толку добро документирано што дури и мене ми помогна подобро да го разберам своето патување.

На покана од страна на Канадско-македонското историско друштво, Лоринг Данфорт го посети Торонто на 12 февруари 2012 година. Наидовме на преполна сала и се осетивме како млади студенти седнати во клупите, желни за наука. Подоцна, додека ја разгледував мојата копија од книгата ми се навратија сите приказни кои мајка ми ги имаше раскажано; приказни за Италијанската и германската инвазија, и подоцна за Граѓанската војна, приказни за бомбашките напади врз нејзиното село од страна на грчката војска, за разделбата од нејзините сакани, и за прераната смрт на мојот биолошки татко. Како што ги прелистував страниците се осетив ко повторно да сум во нејзината прегратка, заедно со други 20тина дечиња од Желево, на пат кон Романија, додека некои членови од нашата фамилија останаа назад во Егејска Македонија а другите се најдоа на брод за Канада…Враќањето на сите тие спомени ме преплави со емоции.

Книгата извонредно објаснува како и зашто на македонските деца не им било дозволено да се вратат назад во своите родни огништа во Грција, како што е и во мојот случај. На жалост, книгата не ја разгледува подетално историјата

пред 1946 година кога на нашиот народ му беше забрането да говори на мајчиниот (македонски) јазик и беа принудени да научат грчки јазик од страна на државата и грчката Православна црква. Во тој период од нашата историја, нашите предели беа преполни со мрежи на шпиуни и платени соработници со тајните грчки служби, па луѓето беа тепани и затворани доколку беа фатени да зборуваат на македонски. Настаните од Граѓанската војна се длабоко поврзани со настаните пред 1946 година, особено за децата бегалци, такашто непрокривањето на овој период во книгата претставува несреќен пропуст.

На пример, офицерите во специјалната полиција која беше пратена од југот на Грција, наречени бурандатес, одиграа голема улога во помагањето на монархистите за време на Граѓанската војна. Ова беше посебен вид на грчка полицаец и на секој од нив му беше доделено по едно македонско село за кое тие беа задолжени. Нивната задача беше да ги следат случувањата по селата и да ги забранат македонскиот јазик и музика. Тие следеа чив татко или сопруг се водат како изчезнати, бидејќи тоа би значело дека им се придружиле на Партизаните. Затоа честопати нашите луѓе беа приведувани, и најчесто само за да можат да им изнудуваат пари на нивните фамилии како би ги пуштиле нивните сакани од затвор. Многумина македонци, вклучувајќи го тука и мојот татко, беа неправедно приведени во овој период.

Според она што мајка ми ми го има споменато, пред почетокот на Граѓанската војна зборот “комунист” не им бил познат за граѓаните. Моите родители и родителите на моите родители не знаеле за “десничари” и “левичари”. Мојот дедо пристигнал во Канада со себе носејќи Британски пасош на крајот на 19от век. Тој во Канада имал успешна компанија и на секои три години се враќал во својод роден крај, Желево. На жалост, тој заврши како уште една жртва на Граѓанската војна. На своето последно патување на кое планирал да го изведе своето семејство надвор од Грција бил заробен од страна на грчката полиција и испратен во еден од најнехуманите затвори во Грција на островот Ѓура. Таму починал, и е подоцна закопан некаде во Атина.

Понатаму, фамилијата на татко ми била имотна. Имале голем број на овци и кози и татко ми раководел со локална продавница за кафе, па затоа која причина би имал тој да биде “комунист”? Одговорот на тоа прашање е едноставен, татко ми и многумина како него

Како што е документирано во книгата децата бегалци од четиринаесетгодишна возраст и постари биле охрабрувани да се вратат и да се борат заедно со партијата па затоа многу мајки, како и мојата, биле замолени од Комунистите да се вратат во Грција и да се борат.

биле против грчката монархија. Дури и тие кои немале левичарски наклонетости поверувале во ветувањата на грчката Комунистичка партија дека со нивната победа конечно би се признала македонската заедница во Грција и ќе се ставел крај на угнетувањето кое владеело за време на владеењето на Метаксас. Нашите луѓе им поверуваа на нивните ветувања дека по завршувањето на војната Македонците ќе уживаат еднакви права како другите граѓани.

Иако оваа тема се истражува во книгата на Данфорт, сепак мое мислење е дека акцентот требал да падне на животот на луѓето во пред-воениот период, пред бомбашки напади врз македонските села извршени од страна на грчката Влада која беше потпомогната од САД и Обединетото Кралство. Грчата Граѓанска војна е класичен пример на прокси војна базирана



на официјалната стратегија за ‘задржување’ за време на Ладната Војна, а воедно претставува и првата таква војна во рамките на Трумановата доктрина.

Од татко ми поседувам само едно нешто, а тоа е писмото од 1946 година кое тој и го напишал на мајка ми за време на неговото притворување во грчкиот затвор. Во него тој јасно објаснува како грчката Влада со цел да затвори што повеќе Македонци, го користела изговорот дека се “Партизани”. Исто така,

Најлошото од овие места беше Моинести, град кој по Германската инвазија комплетно бил напуштен. Стотици од нас се најдовме преселени токму на ова место и изолирани од се. Сеуште имаше барикаде насекаде каде што ќе погледневме, имавме железни кревети, една кујна која ја делеа 20 до 30 фамилии, и турска бања која требаше да ги задоволи потребите на стотици луѓе. За нас, војната не беше завршена.

за полицајците тоа било и одличен бизнис бидејќи на тој начин тие можеле да бараат огромни суми мито како нивните најмили би биле ослободени од затвор. Мојот татко набргу по праќањето на писмото починал во грчкиот затвор.

Мајка ми ме одведе мене и дваесетина други дечиња и од Желево заминавме за Романија. Јас, на деветмесечна возраст, бев навистина благословена што бев со неа но мојот брат не ја имаше таа среќа. Мојот брат беше одведен во Чехословачка и изминаа повеќе години додека со помош на Црвениот Крст нашето семејство повторно се обедини. Една од моите баби била одведена во Полска каде што и починала, а останатиот дел од фамилијата беше расфрлан низ цел свет: Југославија, Унгарија, Советскиот Сојуз, Романија и Канада.

Како што е документирано во книгата децата бегалци од четиринаесетгодишна возраст и постари биле охрабрувани да се вратат и да се борат заедно со партијата па затоа многу мајки, како и мојата, биле замолени од Комунистите да се вратат во Грција и да се борат. Но, мојата мајка очајно ги барала мојот брат и нејзините браќа и сестри. Во нејзиниот случај, таа се сложила да се омажи за Грк, комунист, кој бил хендикепиран но бил добро поврзан во општеството. Таа мислела дека ќе биде краткотрајно, но на жалост не испаднало така. Како резултат на тоа, за време на моето детство во Романија мојот македонски идентитет ми беше забранет. Како многу деца во истата ситуација, ние бевме учени дека сме Грци и никогаш не ни беше дозволено да го научиме македонскиот јазик. Поминаа долги години додека конечно не го разбрав сопственото етничко наследство.

Како што е наведено во книгата Комунистичката партија во Романија под Чаушеску била една од најкорумпираните. Како резултат на тоа, романската Влада им дала потполна контрола на агентите од грчката Комунистичка партија врз македонските деца бегалци кои пребегале од Грција во Романија.

Со време, контролата од страна на грчките комунисти постепено се зголемувала а со тоа и бројот на евакуации и дислокации. По 1950та година семејствата често беа релоцирани низ градовите во Романија, а во секој град постоеа "органоси" или агенти на грчките Комунисти под чија котрола беа бегалците. Јас бев релоцирана шест пати.

Најлошото од овие места беше Моинести, град кој по Германската инвазија комплетно бил напуштен. Стотици од нас се најдовме преселени токму на ова место и изолирани од се. Сеуште имаше барикаде насекаде каде што ќе погледневме, имавме железни кревети, една кујна која ја делеа 20 до 30 фамилии, и турска бања која требаше да ги задоволи потребите на стотици луѓе. За нас, војната не беше завршена.

Подоцна, станав многу огорчена за неправедните услови во кои живееше нашиот народ, за време на долгите и студени зими, далеку од цивилизација, далеку од животот. Мажите работеа во рафинериите и поради тоа мораа да одат на работа рано наутро и се враќаа касно навечер. Одењето на училиште претставуваше уште еден предизвик бидејќи моравме пешачиме долги растојанија на снежна покривка до колена. Огромна ограда го обиколуваше кампот, на влезот имаше висока врата која наликуваше на оние од Хитлеровите концентрациони кампови.

Во ова мизерно место јас и мојот брат конечно ќе се соединиме, по неговото пристигнување помогнато од Црвениот Крст. Но, набргу се најдовме пред уште еден предизвик бидејќи не можевме да комуницираме. Јас го познавав само грчкиот јазик, а тој говореше само македонски и чешки. Живеевме во ова оддалечено место од 1952 година до 1963 година, и во тој период бевме лишени не само од работи како телевизор туку од базични потреби како топла вода. На страна 74 од книгата се наоѓа еден многу

важен дел кој што објаснува како романската Влада требала да ни обезбеди надоместок за обувки и медицинска нега, како и џепарлак за непредвидени трошоци. Во мојот случај, доколку романската Влада некогаш пратила пари или обувки, јас со сигурност тврдам дека никогаш не сум ги примила.

Години подоцна сфатив дека оваа политика на компензација беше причината поради која моето име беше променето од Ники Стефо во Ники Лазарова, и бев испратена да посетувам настава во грчко средно училиште во Букурешт, наречено Еленико Гимназио. Причината позади промената на името беше едноставна – грчките комунистички агенти добиваа фиксна сума на паричен надоместок по глава на дете доколку можеа да понудат доказ дека одредено дете е сирак. Така што, со промена на моето име, за мене им биле исплатени двојни исплати. Понатаму, во 9то одделение дознав дека мојот грчки "татко" не ми е вистинскиот татко, и дека мојот биолошки татко загинал во војната, поради што и бев сметана за сирак од страна на службите. Конечно, велот почна да паѓа па така јас го започнав долгото патување за откривање на мојот вистински идентитет.

Имав само една школска униформа и еден пар чевли. Преку лето моравме да патуваме 8 часови со воз за да стигнеме дома, а во возот моравме да се криеме помеѓу одделите за да не бидеме откриени. Студентскиот дом во Букурешт го делевме со уште 50тина други девојки, а многу често се случуваше и да одиме в кревет гладни. Се сеќавам кога матурирав во 1965 година и отидов во Букурешт да си ја подигнам својата диплома. Ми беше речено да дојдам да ја подигнам наредниот ден, но јас немав каде да преноќам. Па така, јас и мојата пријателка ја поминавме ноќта на градските гробишта.

Во книгата исто така се споменува дека децата во источните земји имале можности да ги продолжат своите студии на универзитетско ниво. Но, вистината е дека само оние фамилии кои имаа врски во горните ешалони на Партијата ги уживаа тие можности.

За време на моите средношколкси денови не можев да сфатам зашто грчката Амбасада одбиваше да ми издаде виза за да можам да отпатувам до Грција и да ги посетам своите баба и дедо кои сеуште живееа во Андартико (Желево), во Северна Грција. Никогаш нема да ги заборавам зборовите на еден работник во грчката Амбасада кога после неколку мои неуспешни обиди да добијам виза за Грција, тој ми рече: "ти никогаш нема да се вратиш назад," бидејќи мојот народ бил виновен за Војната. Бидејќи мојот очув беше Грк и јас говорев само грчки, јас бев една од "среќните" кандидати на кои им беше дозволено да ги продолжат своите студии. Но, поради моето презиме – Лазарова – никогаш не успеав да добијам виза и да ги посетам своите баба и дедо.



216 / Chapter Eight

N. Gage 1983, 262). Many of the "modern, well-dressed teenagers" (Pan-Macedonian Association USA, Inc. 2005a), whose photographs we showed at the Princeton seminar had passed through precisely the same experiences of utter deprivation in 1948, as the life-history narratives we present in this book clearly show. From the perspective of the Pan-Macedonian Association, however, the positive image we presented of the refugee children's lives in Eastern Europe was unacceptable because it contradicted their own right-wing master narrative of the *paidomazoma*.

While members of the Pan-Macedonian Association were angered by our presentation primarily because of what they perceived to be its procommunist bias, they were also very troubled by our use of the term "Macedonian" to refer to children who, from their perspective, were really "Greeks," or more specifically, "Slavic-speaking Greeks." Although our presentation focused on the experiences of refugee children regardless of their ethnic identity, our use of this term alone was interpreted as evidence of our support for recognizing the Republic of Macedonia under its constitutional name and for recognizing the existence of a Macedonian minority in Greece.

From a Greek nationalist perspective, the issue of the refugee children is linked to the Macedonian Question in several important ways. Although the Greek Civil War was a conflict between right and left, in the eyes of the Greek right, communists were by definition Slavs, not Greeks (Gounaris 2002, 65). According to this view, the refugee children were abducted on purpose so that they could be turned into "Slavocommunists." The fact that half of the refugee children were native speakers of Macedonian and came from families who defined themselves as "Macedonians" before they left Greece is ignored. The Greek right presents these Macedonian-speaking children as "Greek" children who were "Slavicized" after they were taken to Eastern Europe.

Greek nationalists are also appalled by the fact that the Greek Communist Party in exile explicitly recognized the identity of these Slavic-speaking children as *Macedonians* and referred to them as "Macedonian children" (*Makedonopoula*).[10] In light of the contemporary controversy over the name under which the Republic of Macedonia should be internationally recognized, the frequent use of this term more than fifty years ago by the Greek Communist Party in Eastern Europe, amply documented by historical evidence, undermines many of the arguments used by Greek nationalists to prevent the Republic of Macedonia from being recognized under its constitutional name. This is why members of the Pan-Macedonian Association suggested that we had doctored the photograph we showed at the Princeton seminar that depicted a group of children at a summer camp

The Politics of Memory: Creating a Meaningful Past / 217

in Poland in 1950 standing under a sign identifying them as "repatriate Greek and Macedonian children" (*ekpatrismena Ellinopoula kai Makedonopoula*; see fig. 11).

Finally, the present conflict over the *paidomazoma* is also linked to the Macedonian conflict because Macedonian refugee children have sought the right to return to the villages of their birth in Greece, a right many of them do not enjoy at present under Greek law. This "right of return" is anathema to Greek nationalists, both because they consider these former refugee children to be enemies of the nation and because they fear "the creation" of a Macedonian minority in northern Greece (Kofos 2003).

11. Young refugee children at a summer camp in Poland in 1951. The sign hanging above their heads identifies them as "repatriate Greek and Macedonian children." The term "Macedonian children" (*Makedonopoula*) was commonly used by the Greek Communist Party both during and after the Civil War. Photograph courtesy of Rhi Van Boeschoten.

За време на своите средношколски денови, навечер често се искрадував од мојата соба и се криев на таванот слушајќи го преносот на Радио Слободна Америка, или некоја германска радио станица. Не можев да разберам ниту еден збор, но некако, тонот на гласот со којшто говореа спикерите ми остави силен впечаток и чувство на спокој.

Репатријацијата која е спомената во книгата, т.е. идеата да си "одиме дома", што и да значи тоа, за мене не претставуваше опција. Начув гласини дека би заминале, но за мене дестинацијата била некоја западно Европска земја, не назад во Македонија или Грција. До тогаш, имав доста познавање за источните и западните земји бидејќи имав доста чуено за нив во времето поминато на таванот.

За првпат повторно ја посетив Македонија во 1967 година, но мојата посета беше во северниот дел од Македонија кој во тоа време сеуште беше под Југославија. Мојата посета траеше два месеци што беше доволно за јас да сфатам дека тоа не е земјата каде што треба да одам. На тоа патување очувот ме испрати да ги проверам нашите документи бидејќи тој сакаше да имигрираме во Југославија. Но, зашто мојот очув, Грк, сакаше да замине од Романија и да се пресели во Македонија? Никогаш не му го поставив тоа прашање на човекот којшто еднаш на грчки и рече на мојата мајка "aftin ti giftiki glossa then tha ti milisete sto spiti," што значи "нема да го употребуваш тој циганскиј јазик во мојата куќа". Зашто го рече тоа, ќе дознаам во 1980 година, но тоа е веќе друга приказна.

Моето второ патување надвор од Романија беше во 1968 година, кога сонував да заминам за Италија. Но бидејќи бев млада полицијата ме малтретираше па на крајот бев вратена во Романија.

Како што е објаснето во книгата, многу од бегалците навистина се населија на територијата на денешна Република Македонија. Во 1969 година јас бев една од тие имигранти кои беа преселени во Тетово каде што Албанците беа помногубројни. Децата бегалци повторно беа жртви но овојпат жртви на корумпираната Влада на Југославија. Семејствата на Егејските Македонци коишто доаѓаа од Романија, Полска, Унгарија и Русија повторно беа "вратени во бараките". После голема борба ни беа дадени станови. Се запрашав себеси, зашто заминавме од Романија? Тропав на многу врати за помош, за образование, за работните места кои ни беа ветени, и наидов на запоставеност, незаинтересираност па дури и сексуално малтретирање. После обидите на еден познат југословенски политичар да ме заведе решив да си заминам од земјата.

По две разочарувачки години поминати во Југославија, се вратив во Романија во 1971 година каде го запознав својот сопруг. Периодот што следуваше па се до 1974 година беше еден од поболните поглавја во мојот живот, борејќи се со романската бирократијата како би ги извадила моите романски сопруг и ќерка надвор од Романија. Во 1974 година мојот сопруг конечно доби виза да ја посети "мојата фамилија" во Тетово, но всушност заминавме за бегалскиот камп Траискирчен во близина на Виена во Аврстија.

Во 1975 година имигриравме во Канада каде што ги започнав останатите две поглавја од мојот живот, почнувајќи со периодот којшто го поминав во грчката заедница во Торонто. Во овој период конечно го започнав процесот на откривањето на моите вешто скриени корени. Сфатив дека сум Македонка и сфатив што значи да се биде Македонка. Волонтирањето во Канадско-македонскиот дом за стари лица, Канадско-македонското историско друштво, македонската Православна црква Св. Климент и Македонскиот филмски фестивал ми помогна да дојдам до таа реализација како и преку споделувањето на мојата животна приказна со Македонците кои ги запознавам.

Никогаш нема да ги заборавам зборовите на Марија Тодорова, уште едно дете бегалец, чија приказна е документирана во книгата. Таа вели: "Време е да започне процесот на помирување со Грците, и делото на Данфорт и Ван Боешотен ќе не придвижи по тој долг и тежок пат." Нејзините зборови се храбри, но дури и пред да го сториме тоа јас верувам дека ние исто така мораме да се помириме самите со себе, за сите Македонци да бидат едно, без разлика дали живеат во Република Македонија, Егејска или Приринска Македонија или живеат во многубројните македонски заедници ширум светот. За помирувањето со Грците, и грчката Влада, ќе е потребно многу време и трпение, но се надевам дека додека сум жива ќе видам прогрес на ова прашање. Како што напомена Марија првиот чекор е да се преиспита историската вистина на тоа што всушност му се случи на нашиот народ во Грција, и што всушност им се случи на децата бегалци.

Да ја купите книгата –
http://astore.amazon.com/mkdiaspora-20/detail/0226135993

За повеќе настани во Торонто на историски теми – http://macedonianhistory.ca/

ОМД Глас

ДАЛИ ИМАТЕ СТРАСТ ЗА МАКЕДОНИЈА?

• • •

ДАЛИ ИМАТЕ СПЕЦИЈАЛНИ ЗНАЕЊЕ, УНИКАТНИ ИСКУСТВО ДА СПОДЕЛИТЕ?

• • •

ДАЛИ САКАТЕ ДА СЕ ПИШУВАТЕ, И ДА СЛИКАТЕ ФОТОГРАФИИ?

АКО ОДГОВОРОТ Е "ДА" ...

... Тогаш размислете за испраќање на оригинални текстови и слики за објавување во ОМД Глас Магазинот!

Испратете до: ***editor@umdiaspora.org***

РЕКЛАМНИ ЦЕНИ

Зада страна (целосна) - $1000
Внатрешна страна (целосна) - $750
Било која целосна страница Внатре - $600
1/2 страница (Верикално/хоризонтално) - $400
1/4 страница (Верикално/хоризонтално) - $200



Ве молиме контактирајте не за специјална детали на цени. Ќе ни биде задоволство да организираме прифатлив рекламен пакет за вашите потреби:

United Macedonian Diaspora

1510 H Street, NW, Suite 900
Washington, D.C. 20005
Phone: (202) 350-9798
E-mail: info@umdiaspora.org

Сите реклами се предмет на одобрување од страна на редакцијата ОМД глас, кој го задржува правото да ја одбие или да го откажете било која реклама во секое време.

ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА

ЕНДРУ Д. ПЕЈКОФ,
назначен македонски почесен конзул во Калифорнија

Обединетата македонска дијаспора (ОМД) топло му честита на нашиот драг пријател Ендру Д. Пејкоф, Постариот на неговото назначување за прв почесен конзул на Република Македонија во Калифорнија, со седиште во Онтарио, Калифорнија. Пејкоф е основач и претседавач на Нијагара Ботлинг, ДОО – најголемата приватна компанија за флаширана вода во западната хемисфера.

"Јас сум горд Македонец од Калифорнија и сум длабоко почестен на довербата покажана од страна на македонската Влада со моето назначување за почесен конзул на Македонија во Калифорнија. Ќе дадам се од себе во чест на сеќавањето на моите родители кои имигрираа од Егејска Македонија," рече Пејкоф на отварањето на церемонијата. "Сите македонски родители ги учат своите деца дека тајната до среќен живот се силните семејни вредности, силна работна етика и силна етика на штедење. Што и да правиш, држи се до тоа. Зафати се, направи го тоа сам. Не чекај."

Официјалната церемонија за отварање на почесниот конзулат на Република Македонија беше одржан на 30-ти ноември 2012 година во Онтарио, Калифорнија. Присуствуваа Заменик-претседателот на Влада Владимир Пешевки, градоначалникот на Онтарио Пол Леон. градоначалникот на Муриета Рик Гибс, Алфонсо Алтамирано од кабинетот на претставникот на Калифорниското државно собрание Норман Ј. Торес, Ендру Пејкоф, Вториот (син на почесниот конзул и Претседател на Нијагра Ботлинг, ДОО), конзулите на Бугарија, Хрватска, Шри Ланка, Тајланд, Мексико, претставникот на ОМД за Лос Анџелес Димитар Насев, Поп Ристо како и претседателот Мите Ристовски на МПЦ Света Богородица од Виттиер, Калифорнија, членови на поширокото семејство Пејкови, како и пријатели на Нијагра Ботлинг, ДОО.

"Владата на Премиерот Груевски го направи правиот избор со назначувањето на Енди. Тој е македонски Американец за пример, човек со големо знаење, мудрост, скромност и пример за наредните генерации," напомена Методија А. Колоски, претседател на ОМД.

"Успесите на Енди, на приватно и професионално ниво, говорат сами за себе и ние сме благодарни што тој ќе ја превземе улогата да ја промовира нашата татковина во Калифорнија, и да помогне да се зацврстат врските помеѓу САД и Македонија. ОМД, заедно со нашиот локален тим во Калифорнија, е спремна да му помогне на Енди во своите стремежи," рече локалниот претставник на ОМД од Лос Анџелес, Димитар Насев на отварањето на церемонијата.

Пејкоф е долгогодишен пријател и поддржувач на ОМД, и исто така служи на бордот на директори на Македонија 2025.

БИОГРАФИЈА НА Г. ПЕЈКОФ

Нијагара Ботлинг, ДОО е најголемата приватна компанија за флаширана вода во западната хемисфера. Ендру Пејкоф, Постариот се преселил во Калифорнија да работи како млекар во 1961 година. Во 1963 година тој основал своја компанија за испорачување на високо квалитетна вода по ниска цена во 5 галонски контејнери до домовите и канцелариите на потрошувалите, притоа користејќи ја својата приватна гаража како магацин.

Во 1967 година ја отворил својата прва фабрика за флаширање. Во 1988 година започнале со флаширање на 1 галонски шишиња, а во 1994 година отпочнуваат со изработка на полиетиленски шишиња. Во 1988 година, компанијата ја предводи технолошката индустрија во индустријата за флаширана вода. Компанијата продолжила да расте, се проширила на пазарот со неспоредлива комбинација на квалитет, цена и услуга со што ги придобила купувачите и на големо и на мало. Растот продолжува, па така што денес компанијата има дванаесет географско диверзитетни капацитети за производство кои што ја опслужуваат речиси секоја малопродажна компанија во САД.

Речиси половина век подоцна, со производителен капацитет од над 20 милијарди шишиња вода секоја година, Нијагара е лидер во инсдустријата. Нијагара е добитник на ПЕТ наградата за технолошки иновации во 2009 година при што нивниот Еко3 дизајн на шише беше признат за најинвентивниот технолошки успев во ПЕт индустријата. Во 2012 година, Нијагара беше добитник на меѓународната награда за развој за "вгнездениот пакет".

МАКЕДОНСКИОТ АДВОКАТ

ТОМАС Н. ТАНЕФ

е избран за супер адвокат на Охајо и Топ 50 адвокати во Колумбос за 2013 година

Обединетата македонска дијаспора (ОМД) му честита на долгогодишниот пријател, поддржувач и член на советничкиот одбор на ОМД, Томас Н. Танеф за изборот за супер адвокат на Охајо по трети пат, како и за именување на листата Топ 50 адвокати во Колумбос. Танеф е вклучен во првите 5% на најдобри адвокати, а адвокатскиот бар го избрал и за еден од најпочитуваните адвокати во околината на Колумбос. Процесот на избирање на супер адвокатите на Охајо вклучува стручни оцени, комисиски прегледи, како и незавсни истражувања за кандидатите.

Томас Танеф е дел од адвокатскиот бар на Охајо од 1988 година и адвокат 23 години. Дипломирал при државниот универзитет во Охајо и на правниот факултет при универзитет Капитал. Г-дин Танеф работел како судски службеник, а потоа и како судија во општината Френклин. Г-дин Танеф има специјализирано во правните области за имот, данок, недвижнини, старателства, посвојувања во државата Охајо како и меѓународни посвојувања. Г-дин Танеф има работено на повеќе од 2,000 усвојувања, и му била доделена награда за усвојувања од страна на конгресот на САД во 2005 година. Исто така, Г-дин Танеф бил избран за супер адвокат во Охајо во 2011 и во 2012 година. Понатаму, списанието Колумбус CEO, на Г-дин Танеф во 2011 и 2012 година му има доделено награда за најдобар бизнис на адвокатски фирми под 50 години. Г-дин Танеф е пензиониран почесен конзул на Македонија во САД, а служел и како финансиски претседавач на кампањата на судијата Роберт Монтгомери.

КАНАЃАНЕЦОТ СО МАКЕДОНСКО ПОТЕКЛО,

КРИС ПАЛИАРЕ,

стана еден од 50 највлијателни луѓе во Торотнто, според декемврискиот број на списанието Лајф.

Обединетата македонска дијаспора испрати честитки до нејзиниот пријател, поддржувач Крис Палиаре, затоа што стана еден од највлијателните луѓе во Торонто според Лајф.

Од Лајф го опишуваа Палиареи, 68, како човек со одлично резиме кога станува збор за мултимилионски зделки и решавање јавни случаи. Тој дури и го испрашуваше Стивен Харпер во 2008 година. Но тој најдобро работи како советник на компании и извршни директори, адвокати и судии, за работи за кои е потребна најголема дискреција.

Палиаре е основач на компанијата Палиаре Роланд Розенберг Ротстајн базирана во Торонто. Тие работат на многу бесплатни случаи кога станува збор за човековите права на Македонците, особено при спорот со Грција. Тој е потпретседател и член на управниот одбор во старечкиот дом за лица кои по потекло се Македонци.

ЗАОКРУЖЕТЕ ГО ДАТУМОТ!

4та Глобална конференција на ОМД,
25 јули – 3 август 2013 година, во Македонија

Обединетата македонска дијаспора (ОМД), водечката организација на Македонците во светот, со задоволство објавува дека четвртата глобална конференција ќе се одржи од 25 јули до 3 август 2013 година во нашата прадедовска и историска татковина – Македонија. Тематиката на конференцијата ќе се совпадне со стогодишнината од завршувањето на Балканските војни и потпишувањето на Букурешкиот договор со наслов: Македонија 2013: 100 години по Букурешкиот договор.

"Македонија и Македонците во светот ќе одбележат неколку важни годишнини," вели претседавачот на ОМД Стојан Николов. "Одборот на директори на ОМД ја превзема важната одлука да бидат домаќини на годишната конференција во 2013 година во Македонија, со цел не само да се обединат Македонците од светот во нашата татковина но исто така и да им се покаже на нашите соседи, на Европа и на светот дека Македонците истрајаа значителни предизвици, вклучувајќи поделби, етничко-чистење и геноцид. Сеуште постоиме, и ќе постоиме како Македонија и Македонци."

Во склоп на стогодишнината од Балканските војни и Букурешкиот договор, 2013 година ќе ја одбележи седумдесетгодишнината од депортацијата на македонските Евреи во Треблинка од страна на Бугарските воени сили за време на Втората светска војна (11 март 2013 година), 65 годишнината од егздусот на децата бегалци од Егејска Македонија/ Грција (март-јули 2013 година), 110та годишнина од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев (4 мај 2013 година), 50ет годишнина од трагичниот земјотрес во Скопје (26 јули 2013 година), 110та годишнина од Илинденското востание (2ри август 2013 година), 69та годишнина од АСНОМ (2ри август 2013 година), и 22та годишнина од основањето на слободна, суверена и независна татковина за Македонците – Република Македонија.

"Нашата историја во последните сто години е трагична, но нашата иднина во наредните сто ќе биде светла. 2013 година е годината во која ние Македонците мора да се обединиме да и помогнеме на Македонија и да го поставиме темелот за идните генерации," рече претседателот на ОМД Методија А. Колоски. "Ги покануваме сите Македонци и пријатели на Македонија да ја посетат Македонија и да присуствуваат на Глобалната конференција на ОМД 2013."

4та глобална конференција на ОМД ќе се состои од академски дел кој ќе се фокусира на последните сто години од македонската историја, поглед кон иднината, како и дел кој ќе се фокусира на тоа како македонската дијаспора би можела да придонесе кон развојот на нашата татковина. Понатаму, планирани се и дневни екскурзии до Битола, Крушеви и македонските винарии. Главниот дел од конференцијата ќе се одржи во Скопје и Охрид. ОМД планира кратки координирани посети до Мала Преспа во Албанија, Благоевград во Бугарија и Егејска Македонија во Грција, со цел учесниците од дијаспората да имаат можност да ги посетат Македонците од останатите делови на географска Македонија. Конференцијата ќе се затвори со формална Гала вечера на 3ти август 2013 година во Скопје.

Оваа недела беше испратен повик за академски трудови а подетални информации за Конференцијата ќе бидат достапни на http://www.umdglobalconference.org.

ОМД има одржан глобални конференции во 2009 година во Вашингон, 2010 година во Торонто (Канада) и во 2011 година повторно во Вашингтон, посетени од повеќе од 1,500 Македонци и пријатели на Македонија од 25 земји ширум светот. Ве молам ако го користите Твитер да го користете хаштагот #UMDGC2013

Доколку има заинтересирани организации, компании, или поединци за да бидат партнери на конференцијата или да бидат спонзори, Ве молиме да не контактирате на број +1 (202) 350-9798 или на info@umdglobalconference.org.

Јавен повик за академски трудови:

Македонија 2013: 100 години по Букурешкиот договор

Јавен повик за академски трудови. Македонија 2013: 100 години по Букурешкиот договор

Скопје и Охрид, Македонија, 25 јули – 3 август 2013 година.
Краен рок за поднесување на абстракти/ предлози за академски трудови

до 15 февруари 2013 година

Во 2013 година се одбележуваат 100 години од завршувањето на Балканските војни и потпишувањето на Букурешкиот договор кој ја подели географска Македонија помеѓу Бугарија, Грција и Србија. Конференцијата ќе ги истражува последиците од Балканските војни и Букурешкиот договор врз Македонците и македонскиот идентитет во контекст на домашните и регионалните политики, особено по основањето на независна и суверена Република Македонија. Обединетата македонска дијаспора (ОМД), водечката организација за Македонците во светот со седиште во Вашингтон, објавува јавен повик за поднесување на абстракти за 4та Глобална конференција која ќе се одржи во Скопје и Охрид од 25 јули до 3 август 2013 година.

Панелите ќе бидат на следните интердисциплинарни теми (поконкретни наслови ќе бидат објавени во следните неколку недели на следната веб страница: www.umdglobalconference.org):

I.Балканските војни (1912-1913 година): Анализа на настаните и воените тактики

II.Букурешкиот договор: Последици и ефекти врз современата политика

III.Република Македонија: Тековни настани и предизвици

IV.Македонските малцинства: Статусот на Македонците кои живеат во соседните Балкански земји

Абстрактите мораат да бидат поднесени на англиски или македонски јазик и треба ги содржат следните елементи: наслов на академскиот труд, име и презиме на авторот, име на институцијата, одделот и позицијата на авторот, град и држава како и контакт информации (е-пошта и телефонски број). Се молат авторите во склоп на своите предлози да достават и кратка биографија (CV).

Абстрактите да бидат напишани во следниот формат:
-фонт 12, Times New Roman
-должина од 200 до 250 зборови
-краен рок за поднесување: 15 февруари 2013 година

Ве молиме абстрактите да ги доставите на следната е-пошта info@umdglobalconference.org.

Ќе има можност студент внатре или надвор од Македонија да аплицираат за патни стипендии. За повеќе детали, Ве молиме контактирајте info@umdglobalconference.org.

Одбраните трудови ќе бидат публицирани во специјално издание на Обединетата македонска дијаспора и ќе бидат диструбирано до библиотеки низ целиот свет.

За повеќе информации за организацијата, Ве молиме посете ја страницата www.umdiaspora.org.

ЗАОКРУЖЕТЕ ГО ДАТУМОТ!

4та Глобална Конференција на ОМД

од 25 јули до 3 август 2013 година – Македонија

Обединетата македонска дијаспора (ОМД) со задоволство објавува дека четвртата глобална конференција (ГКОМД2013) ќе се одржи од 25 јули до 3 август 2013 година во Македонија.

За повеќе информација, видете – http://www.umdglobalconference.org

UMD *Global*

CONFERENCE *2013*